47574



ВЕНЕЦИСКО БИЕНАЛЕ

# Обезбеден македонски изложбен простор во Венеција



По венециските канали лани пловеше проектот на Искра Димитрова

ВЕСНА ИВАНОВСКА

Јован Шумковски, со проектот „Ноќни визии“, ќе ја претставува Македонија на годинашното меѓународно биенале во Венеција. Организаторите ветиле дека ќе обезбедат простор за македонскиот претставник на биеналето.

Проектот го избра петчлената комисија формирана од Министерството за култура. Проектот беше предложен од Уметничката галерија „Скопје“-официјален македонски претставник на биеналето. - Работев на проект кој има повеќе нивоа. Опфаќа повеќе релации: општествени, социолошки и ликовни. Преку ликовната форма се претставени прашањата што го засегаат човештвото. Проектот е комплексен и е составен од повеќе делови - рече Јован Шумковски.

Според Викторија Васева-Димеска, проектот бил даден во ресорното министерство како портфолио на сегашното дело. - Уметничката галерија предложи повеќе проекти. Комисијата го избра Јован Шумковски, еден од авторите што ги предложивме. Сите проекти беа дадени во Министерството како портфолио на сегашните дела. Сметам дека за избраното дело може да зборува само авторот - рече Васева Димеска.

Македонското учество на Венециското биенале го финансира Министерството за култура. Во Министерството велат дека сѐ уште не е дефинирано колку ќе чини престојот на македонскиот претставник во Венеција. Трошоците се предвидени во програмата, но таа треба да помине во Собранието во следната недела.

- Контактиравме со организаторите на биеналето. Беше потврдено дека ќе се обезбеди простор за македонскиот претставник. Најверојатно просторот ќе се изнајми, но тоа ќе го знаеме во текот на следната недела. Најважно е дека просторот е одобре - рече Оливер Шамбевски, портпарол во Министерството за култура.

ГАЛЕРИЈА „АЕРО“

## Изложба на Ниче Василев

Во галеријата „Аеро“ од денеска се поставени слики на академскиот уметник Ниче Василев. Ќе бидат поставени 23 слики, работени во масло, акрил и во пастел. Делата се работени во последните четири години.

Ниче Василев дипломирал во Варшава, во 1978 година. Учествувал на повеќе групни и самостојни изложби во земјата и во странство. Добитник е на повеќе награди и признанија, меѓу кои и на наградата „Мал формат“, која ДЛУМ му ја додели во минатата година.